# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

# НА ОПШТИНА КАРПОШ

Број 5 * година VIII* 02.05.2013 година * Карпош * цена:

Излегува по потреба

e-mail: kontakt@karpos.gov.mk, www.karpos.gov.mk

Скопје, мај 2013 година

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/06), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решението за избор на Претседател на Советот на Општина Карпош**

1. Се објавува Решението за избор на Претседател на Советот на Општина Карпош, донесена на втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 30 април 2013 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09 – 3128/1**
**02.05.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 47 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 15 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/06) и член 39 од Деловникот на Советот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/06), Советот на Општина Карпош, на второта седница, одржана на 30 април 2013 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## за избор на Претседател на Советот на Општина Карпош

1. За Претседател на Советот на Општина Карпош се избира Сашо Лазаровски, член на Советот на Општина Карпош.

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 07-3093/2**
**30.04.2013 година**
**С к о п ј е**

**ПРЕТСЕДАВАЧ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Панче Стојановски,с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлука за набавување на патничко и товарно моторно возило

1. Се објавува Одлуката за набавување на патничко и товарно моторно возило, донесена на втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 30 Април 2013 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-3128/2**
**02.05.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 05/02), Советот на Општина Карпош на втората седница одржана на 30 април 2013 година, донесе

## ОДЛУКА
за набавување на патничко и товарно моторно возило

**Член 1**

За потребите на Општина Карпош се одобрува набавување на:
- 1 (едно) патничко моторно возило и
- 1 (едно) товарно моторно возило.

Средствата потребни за оваа набавка се планирани во Буџетот на Општина Карпош за 2013 година.

**Член 2**

Постапката за набавка на моторните возила од точка 1 на оваа одлука ќе ја спроведе Комисијата за јавни набавки, формирана од Градоначалникот на Општина Карпош.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сужбен гласник на Општина Карпош“.

**Број 07–3093/3**
**30.04.2013 година**
**С к о п ј е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Сашо Лазаровски,с.р.**

## С О Д Р Ж И Н А

1. Решение за избор на Претседател на Советот на Општина Карпош со Решение за објавување
2. Одлука за набавување на патничко и товарно моторно возило со Решение за објавување

Издавач: Општина Карпош
Уредува: Сектор за правни работи – Одделение
за поддршка на работата на Советот
Адреса: бул. Партизански одреди бр.68, тел. 3065-925
Тираж: 25 примероци